# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ГОСТИ ВО ХОТЕЛИ, МОТЕЛИ, КАМПОВИ, БУНГАЛОВИ, КАПАЛИШТА, ЛЕКУВАЛИШТА И СЛИЧНО ОД ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици од несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување на гости во хотели, мотели, кампови, бунгалови, капалишта, лекувалишта и слично од последици на несреќен случај (во натамошниот текст Дополнителни услови) се составен дел на договорот за осигурување на гости во хотели, мотели, бунгалови, капалишта, лекувалишта и сл. од последици на несреќен случај (незгода) што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп (во натамошниот текст: осигурувач).

(2) Договарач на осигурувањето може да биде секоја организација што се занимава со хотелска и слична дејност, како и секое друго физичко лице што има дозвола да прима гости на ноќевање и за сместување.

(3) Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови се осигурени без оглед на нивната здравствена состојба, општата работна способност и старост, како и без плаќање зголемена премија во смисла на членот 9, став 3, точка 3 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност, кои во секој случај се исклучени од осигурување.

## НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
### Член 2

(1) Договорот за осигурување гости од последици од несреќен случај се склучува според книгата на гости или друга евиденција што е пропишана.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО
### Член 3

(1) Во полисата, ако не е договорено поинаку, осигурувањето започнува во однос на секој одделен гостин во моментот кога како гостин е воведен во пропишаната евиденција на гостите и трае до моментот кога тој, според хотелскиот ред или некој друг ред, ќе го загуби својството на хотелски гостин.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 4

(1) Осигурувачот има обврска ако несреќниот случај настанал во текот на траењето на осигурувањето додека гостинот престојувал во хотелот или се наоѓал надвор од него.

## НАЧИН И РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА
### Член 5

(1) Пресметка на премијата се врши во рокот означен во полисата за осигурување, според реалниот број на осигурените гости.

(2) Договарачот е должен да му ги стави на увид на осигурувачот сите книги и други евиденции од кои може да се утврдат бројната состојба на гостите, како и висината на пресметаната и платена премија.

(3) Договарачот е должен на осигурувачот да му ја плати договорената премија за сето времетраење на осигурувањето во рокот договорен во полисата.

(4) Ако премијата се уплаќа по пошта, се смета дека е уплатена во 24.00 часот во оној ден на кој е уплатена во пошта, а ако се плаќа со вирман, се смета дека е платена во 24.00 часот во оној ден на кој е предаден вирманскиот налог во банка.

(5) Обврската на осигурувачот кон секој осигуреник одделно постои и кога договарачот не ја уплати премијата во рокот означен во полисата, ако осигурениот случај настанал за времетраењето во смисла на претходниот член и на членот 6 од Општите услови.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ ИЛИ ПОСТАРИ ОД 70 ГОДИНИ

**Член 6**

(1) Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреник помлад од 14 години, осигурувачот ги исплатува трошоците за погреб врз основа на поднесените фактури, но најмногу до износот на осигурената сума во случај на смрт од незгода.

(2) Кога лицето на кое му се случило несреќен случај е постаро од 70 години на денот на настанување на осигурениот случај, осигурувачот има обврска да исплати 50 % од износот што инаку би го платил.

## ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

**Член 7**

(1) Договарачот е должен на осигурувачот веднаш да му го пријави секој настан што според овие Дополнителни услови има влијание врз обврската на осигурувачот.

(2) Договарачот е обврзан на барање на осигурувачот да му ги даде сите потребни известувања со цел да се разјаснат и да се утврдат постоењето и висината на обврската.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

(1) Доколку не се во спротивност со овие Дополнителни услови, на осигурувањата склучени според овие Дополнителни услови се применуваат и Општите услови за осигурување на лица од последици од несреќен случај (незгода). Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување. Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот граѓански суд Скопје.

Прилог :

**ТАБЕЛА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОЦЕНТ НА ТРАЕН ИНВАЛИДИТЕТ
КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)
за
Осигурување на гости во хотели, мотели, кампови, бунгалови, капалишта, лекувалишта и сл.**

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

(1) Во смисла на членот 14 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) оваа Табела за одределување процент на траен инвалидитет (во натамошниот текст: Табела на инвалидитет), е составен дел на овие Дополнителни услови и на секој одделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) кој договарачот на осигурувањето ќе го склучи согласно овие услови со Акционерското друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп.

(2) Како траен инвалидитет во смисла на оваа Табела на инвалидитет се смета трајна, иреверзибилна состојба на нарушување на нормалната функција на дел, односно орган на телото.

(3) Во осигурувањето на лица од последици на несреќен случај (незгода), во случај на траен инвалидитет, исклучиво се применува процентот одреден со оваа Табела на инвалидитет.

(4) Во случај на повреда, конечниот инвалидитет се определува најрано три месеци по завршеното севкупно лекување, со исклучок кај ампутација и точките од Табелата каде поинаку е определено. За псевдоартроза, нагмечување на коскено-мускулната структура и синдром на пренапрегнување не се одредува инвалидитет.

(5) Кај повеќекратните повреди на одделни делови, 'рбетот или органите, вкупниот инвалидитет на одреден дел, 'рбет или орган се определува така, што за најголема последица на оштетување се зема полниот процент предвиден во Табелата, од следното најголемо оштетување се зема половина од процентот предвиден во Табелата итн. по ред, 1/4, 1/8 итн. Вкупниот процент не може да го надмине процентот кој е одреден со Табелата на инвалидитет за потполна загуба на тој дел или орган.

(6) Ако осигуреникот имал траен инвалидитет пред настанувањето на несреќниот случај, обврската на осигурувачот се одредува според новиот инвалидитет, независно од поранешниот, освен во следниве случаи:
   а). ако новиот несреќен случај предизвикал зголемување на дотогашниот инвалидитет, обврската на осигурувачот се утврдува за разликата помеѓу вкупниот процент на инвалидитет и поранешниот процент;
   б). ако новиот несреќен случај предизвикал загуба или повреда на еден од порано повредените делови или органи, обврската на осигурувачот се утврдува само за зголемениот инвалидитет;
   в). ако со рендгенолошки прегледи е докажано дека дегенеративните болести на коскено-зглобниот систем постоеле пред несреќниот случај, осигурителот ќе го намали трајниот инвалидитет од Табелата за инвалидитет за 1/3 од проценетиот инвалидитет;
   г). ако се докаже дека осигуреникот е заболен од шеќерна болест, болести на средниот и периферниот нервен систем, глувост, слабовидност, болести на крвните садови или хронични болести на белите дробови и ако тие болести делуваат за зголемување на инвалидитетот по настанатиот несреќен случај, осигурувачот ќе го намали крајниот инвалидитет по табелата за инвалидитет за 1/2;
   д). ако претходна хронична болест е причината за настанокот на несреќниот случај, осигурувачот ќе го намали крајниот инвалидитет по Табелата за инвалидитет за 1/2.

(7) Оценките на инвалидитетот за различни последици на еден орган или екстремитет не се собираат, но можат да бидат оценети по онаа точка која утврдува највисок инвалидитет за таа последица.

(8) Во случај на загуба на повеќе делови или органи при еден несреќен случај, процентите на инвалидитет за секој одделен дел или орган се собираат, но не може да изнесуваат повеќе од 100%, ниту помалку од процентот на највисокиот поединечен инвалидитет.

(9) Субјективните тешкотии во смисла на намалување на мускулната моторна сила, страв, болки и оток на местото на повредата не се земаат во предвид при одредувањето на процентот на траен инвалидитет. Индивидуалните способности, социјалната положба или занимање (професионална способност) на осигуреникот не се земаат предвид при одредувањето на процентот на инвалидитет.

## I. ГЛАВА

1. Перзистентна вегетативна состојба ........ 100%
2. Оштетување на мозокот со клинички утврдена слика:
   - хемипареза со силно изразен спастицитет;
   - екстрапирамидна симптоматологија (невозможна координација на движењата или постоење на груби ненамерни движења);
   - оштетување на малиот мозок со изразени растројства на рамнотежата на одот и координација на движењето ........ 90%
3. Псевдобулбарен синдром ........ 80%
4. Постравматска епилепсија докажана со објективни дијагностички методи и болнички лекувања:
   а). со зачестени напади (најмалку еднаш неделно ........ 60%
   б). со ретки напади ........ 20%
5. Жаришни оштетувања на мозокот со болнички евидентирани последици на психоорగански синдром, со наод на психијатар и психолог по болничко лекување со соодветни испитувања:
   а). во лесен степен ........ 30%
   б). во среден степен ........ 40%
   в). во силен степен ........ 60%
6. Хемипареза или дисфазија:
   а). во лесен степен ........ 30%
   б). во среден степен ........ 40%
   в). во силен степен ........ 50%
7. Оштетувања на малиот мозок со адиодохокинеза и асинергија ........ 40%
8. Состојба после нагмечување на мозокот докажано во текот на болничко лекување со објективни дијагностички постапки на дијагностичка обработка (ЦТ, ЕЕГ):
   а). без невролошки испади ........ 5%
   б). со благи невролошки испади ........ 20%
   в). со невролошки испади во среден степен ........ 35%
   г). со невролошки испади во силен степен ........ 50%
9. Состојба по трепанација на сводот на черепот или кршење на базата на черепот, сводот на черепот, рендгенолошки верифицирано ........ 10%
10. Посткомоционален синдром по болнички утврден потрес на мозокот без постоење на објективни невролошки наоди со изворна медицинска документација добиена во рок од 24 часа по повредата и последователна медицинска документација за текот на лекувањето ........ 1%
11. Загуба на коса над 1/3 од површината на косата ........ 5%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Патолошките состојби на мозокот кои довеле до промени во мозокот не се опфатени со осигурување.
2. За потресите на мозокот кои не се болнички утврдени во рок од 24 часа по повредата и немаат историјат на лекување после повредата не се признава инвалидитет.
3. Сите форми на епилепсија мораат да бидат утврдени болнички со примена на современи дијагностички методи.
4. Кај различните последици од повреда на мозокот при еден несреќен случај процентите на инвалидитет не се собираат, туку се одредува процент само по точката која е најповолна за осигуреникот.
5. Трајниот инвалидитет за сите случаи кои спаѓаат под точките од 1 до 8 се определува најрано 2 години по повредата.

## II. ОЧИ

12. Потполна загуба на видот на обете очи ........ 100%
13. Потполна загуба на видот на едно око ........ 33%
14. Ослабување на видот на едно око:
   а). за прва десеттина намален вид ........ 1,65%
   б). за втора десеттина намален вид ........ 3,70%
   в). за трета десеттина намален вид ........ 6,00%
   г). за четврта десеттина намален вид ........ 9,00%

д). за петта десеттина намален вид ........ 12,50%
ѓ). за шеста десеттина намален вид ........ 16,50%
е). за седма десеттина намален вид ........ 20,50%
ж). за осма десеттина намален вид ........ 24,50%
з). за деветта десеттина намален вид ........ 28,50%

15. Во случај да на другото око дошло до потполна загуба на видот, за секоја десеттина намалување на видот на повреденото око, се определува:
а). за прва десеттина намален вид ........ 3,30%
б). за втора десеттина намален вид ........ 7,40%
в). за трета десеттина намален вид ........ 12,00%
г). за четврта десеттина намален вид ........ 18,00%
д). за петта десеттина намален вид ........ 25,00%
ѓ). за шеста десеттина намален вид ........ 33,00%
е). за седма десеттина намален вид ........ 41,00%
ж). за осма десеттина намален вид ........ 49,00%
з). за деветта десеттина намален вид ........ 57,00%
16. Диплопија како трајна и ирепарабилна последица од повреда на око:
а). екстерна офталмоплегија ........ 10%
б). тотална офталмоплегија ........ 20%
17. Загуба на очно сочиво:
а). афакија - еднострана ........ 20%
б). псевдоафакија - еднострана ........ 5%
в). афакија - двострана ........ 30%
г). псевдоафакија - двострана ........ 10%
18. Делумни оштетувања на мрежницата и стаклестото тело:
а). делумен испад на видното поле како последица на посттравматска Аблациа ретине ........ 3%
б). Опациталес коропорис витреи како последица на травматско крвавење во стаклестото тело на окото ........ 3%
19. Мидријаза како последица на директна траума на окото ........ 3%
20. Непотполна внатрешна офталмоплегија ........ 10%
21. Повреда на солзниот апарат и очните капаци:
а). епифора ........ 3%
б). ентропиум, ектропиу ........ 3%
в). птоза на капаците ........ 3%
22. Концентрично стеснување на видното поле на преостанатото око:
а). до 60 степени ........ 10%
б). до 40 степени ........ 30%
в). до 20 степени ........ 50%
г). до 5 степени ........ 60%
23. Еднострано концентрично стеснување на видното поле:
а). до 50 степени ........ 5%
б). до 30 степени ........ 10%
в). до 5 степени ........ 20%
24. Хомонимна хемианопсија ........ 30%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Инвалидитет по Аблациа ретине се определува по точките 13, 14, 15 или 18.
2. Повредата на очната јаболкница која предизвикала Аблациа ретине мора да биде болнички дијагностицирана.
3. Оцената на оштетувањата на очите се врши по завршеното лекување со исклучок по точките 16 и 20, за кои минималниот рок изнесува една година по повредата.

## III. УШИ

25. Потполна глувост на обете уши со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган ........ 40%
26. Потполна глувост на обете уши со згаснати калорични реакции на вестибуларниот орган ........ 60%

27. Потполна глувост на едно уво со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган........................................... 10%
28. Потполна глувост на едно уво со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган на тоа уво....................... 15%
29. Обострана наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган обострано:
    - вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине:
    а). од 31% до 60%........................................................................................................................ 10%
    б). од 61% до 85%........................................................................................................................ 20%
30. Обострана наглувост со згасната калорична реакција на двата вестибуларни органа:
    - вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине:
    а). од 20% до 30%........................................................................................................................ 10%
    б). од 31% до 60%........................................................................................................................ 20%
    в). од 61% до 85%........................................................................................................................ 30%
31. Еднострана тешка наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган
    - загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели.......................................................................... 10%
32. Еднострана тешка наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган:
    - загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели.......................................................................... 12,5%
33. Повреда на ушната школка:
    а). потполна загуба или потполна деформација ........................................................................... 15%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

За сите случаи од ова поглавје инвалидитетот се определува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци по повредата, со исклучок на точката 33, која се оценува по завршеното лекување.

## IV. ЛИЦЕ

34. Белезно деформирачки оштетувања на лицето со функционални пречки и/или посттравматски деформитети на коските на лицето:
    а). во среден степен .......................................................................................................................... 5%
    б). во силен степен ............................................................................................................................ 15%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

За козметичките и естетските белези на лицето не се одредува инвалидитет.

35. Ограничено отворање на устата:
    а). растојание на горните и долните заби - до 3 см.......................................................................... 10%
    б). растојание на горните и долните заби - до 1,5 см........................................................................ 30%
36. Дефекти на виличните коски на јазикот или на непцето со функционални пречки:
    а). во среден степен .......................................................................................................................... 10%
    б). во силен степен ............................................................................................................................ 25%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

1. За случаите по точките 34, 35 и 36 инвалидитет се одредува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци по повредата.
2. За загуба на заби не се одредува инвалидитет.

37. Пареза на фацијалниот нерв по фрактура на слепоочната коска или повреда на соодветната паротидна регија:
    а). во среден степен .......................................................................................................................... 5%
    б). во силен степен со контрактура и кај мимичка мускулатура ........................................................ 20%
    в). парализа на фацијалниот нерв ...................................................................................................... 30%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

Инвалидитетот по точката 37 се одредува по завршеното лекување, но не порано од 2 години по повредата.

## V. НОС

38. Повреда на носот:
    а). делумна загуба на носот ........ 15%
    б). загуба на целиот нос........ 30%
39. Аносмиа како последица на верифицирана фрактура на горниот внатрешен дел на носниот скелет ........ 3%
40. Деформација на носната пирамида после фрактура со дислокација на носните коски........ 5%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Кога ќе се утврдат различни последици на повредата на носот поради еден несреќен случај, процентите за инвалидитет не се собираат, туку инвалидитетот се оценува по најповолната точка за осигуреникот.
2. Инвалидитетот од точка 39 се утврдува по завршеното лекување, но не пред истекот на една година од повредата или операцијата.
3. За повреда по точката 40 осигуреникот е должен на осигурувачот да му достави на увид РТГ-снимки.

## VI. ДУШНИК И ХРАНОПРОВОДНИК

41. Повреди на душникот:
    а). состојба по трахетомија кај виталните индикации по повредата........ 5%
    б). стеноза на душникот по повреда на гркланот и на почетниот дел на душникот ........ 10%
42. Стеноза на душникот поради која мора трајно да се носи канила........ 60%
43. Стеснување на хранопроводникот, рентгенолошки докажано:
    а). во лесен степен........ 5%
    б). во силен степен........ 30%
44. Потполно стеснување на хранопроводникот со трајна гастростома ........ 80%

## VII. ГРАДЕН КОШ

45. Повреди на ребрата:
    а). кршење на едно или две ребра ако е залекувано со дислокација, или скршнување на стернумот зараснат со дислокација без намалување на белодробната вентилација од рестриктивен тип........ 2%
    б). кршење на 3 или повеќе ребра залекувано со дислокација без смалување на белодробната вентилација од рестриктивен тип........ 5%
46. Состојба по тераактомија ........ 5%
47. Оштетување на функцијата на белите дробови од рестриктивен тип поради кршење на едно или повеќе ребра, пентрантни повреди на градниот кош, посттравматска адхезија, хематоторакса и пневматоракса:
    а). во лесен степен, 20%-30% смалување на виталниот капацитет ........ 10%
    б). во среден степен, 31%-50% смалување на виталниот капацитет ........ 30%
    в). во силен степен за 51% или повеќе смалување на виталниот капацитет ........ 50%
48. Фистула по емпиема ........ 10%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Капацитетот на белите дробови се одредува со повторена спирометрија, а по потреба и со детална пулмолошка обработка и ергометрија.
2. Ако состојбата од точките 45, 46 и 48 е проследена со пореметување на функцијата на белите дробови од рестриктивен тип, тогаш не се оценува по наведените точки, туку по точката 47.
3. Инвалидитетот по точките 47 и 48 се оценува по завршеното лекување, но не порано од една година од денот на повредата.
4. Ако со спирометрија се докаже мешано пореметување на функцијата на белите дробови (опструктивно и рестриктивно), инвалидитетот се намалува сразмерно на испадот на функцијата поради болест.

49. Загуба на една дојка:
    а). до 50 години живот........ 10%
    б). преку 50 години живот ........ 5%

в). тешко оштетување на дојката до 50 години живот ........ 5%

50. Загуба на двете дојки:
   а). до 50 години живот ........ 30%
   б). преку 50 години живот ........ 15%
   в). тешко оштетување на двете дојки до 50 години живот ........ 10%
51. Последици од пенетрантни повреди на срцето и големите крвни садови на градниот кош:
   а). срце со нормален електрокардиограм ........ 10%
   б). со променлив електрокардиограм според тежината на промената ........ 30%
   в). крвни садови ........ 10%
   г). аневризма на аортата со инплантата ........ 30%

## VIII. КОЖА

52. Длабоки белези на телото по опекотини или повреди без пречки на мотилитетот, а повредите зафаќаат површина над 5 см2:
   а). од 5% до 10% од површината на телото ........ 5%
   б). од 10% до 20% од површината на телото ........ 10%
   в). преку 20% од површината на телото ........ 15%
53. Длабок белег на кожата по повреди или опекотини кои предизвикале поголем белег на кожата од 5 см2 ........ 1%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Случаите од точката 52 се пресметуваат со примена на правилото на деветка.
2. Длабок белег настанува по интермедијални опекотини (II Б степен) и/или повреди со мал дефект на кожата.
3. Длабок белег настанува по длабоки опекотини (III степен) или поткожни субдермални (IV степен) и/или поголем дефект на кожниот покрив.
4. За последиците од епидермални опекотини (I степен) и површината (II А степен) инвалидитет не се определува.
5. Процентот на инвалидитет се утвдува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци од настанувањето на несреќниот случај.
6. Функциските пореметувања предизвикани со изгореници или повреди од точка 52, се оценуваат согласно соодветните точки од Табелата на инвалидитет.

## IX. СТОМАЧНИ ОРГАНИ

54. Травматска хернија верифицирана во болница непосредно по повредата ако истовремено покрај хернијата е верифицирана повреда на меките делови на стомачниот ѕид во тоа подрачје ........ 5%
55. Повреди на дијафрагмата:
   а). состојба по прснување дијафрагма во болница непосредно по повредата, верифицирана и хируршки згрижена ........ 10%
   б). дијафрагмална хернија - рецидив по хируршки згрижени дијафрагмални травматски кила ........ 20%
56. Постоперативна хернија по лапартомија која е направена поради повредата ........ 10%
57. Повреда на цревата и/или црниот дроб, желудник:
   а). шиење ........ 10%
   б). повреда на црн дроб со ресекција ........ 20%
   в). повреда на црева и/или на желудникот со ресекција ........ 20%
58. Загуба на слезина (спленектомија):
   а). загуба на слезина до 20 години возраст ........ 25%
   б). загуба на слезина од 20-40 години возраст ........ 20%
   в). загуба на слезина со преку 40 години возраст ........ 15%
59. Повреда на панкреас според функционалното оштетување ........ 20%
60. Анус претернатуралис - траен ........ 50%
61. Инконтинеција алви:
   а). делумна ........ 20%
   б). потполна ........ 60%

## X. УРИНАРНИ ОРГАНИ

62. Загуба на еден бубрег - со нормална функција на другиот ........ 30%
63. Загуба на еден бубрег - со оштетена функција на другиот:
    а). во лесен степен, до 30% оштетување на функцијата ........ 40%
    б). во среден степен, до 50% оштетување на функцијата ........ 55%
    в). во силен степен, над 50% оштетување на функцијата ........ 80%
64. Функционални оштетувања на едниот бубрег:
    а). во лесен степен, до 30% оштетување на функцијата ........ 7%
    б). во среден степен, до 50% оштетување на функцијата ........ 15%
    в). во силен степен, преку 50% оштетување на функцијата ........ 20%
65. Функционални оштетувања на двата бубрега:
    а). во лесен степен, до 30% оштетување на функцијата ........ 20%
    б). во среден степен, до 50% оштетување на функцијата ........ 30%
    в). во силен степен, преку 50% оштетување на функцијата ........ 60%
66. Стеноза на уретрата после повреда: ........
    а). во лесен степен, под 18 ЦХ ........ 5%
    б). во среден степен, под 14 ЦХ ........ 15%
    в). во силен степен, под 6 ЦХ ........ 30%
67. Повреда на мочниот меур со намален капацитет за секоја 1/3 на намалување на капацитетот ........ 10%
68. Потполна инконтиненција на урината:
    а). кај мажи ........ 40%
    б). кај жени ........ 50%
69. Уринарна фистула (уретална, перинеална, вагинална) ........ 25%

## XI. ГЕНИТАЛНИ ОРГАНИ

70. Загуба на еден тестис до 60 години живот ........ 15%
71. Загуба на еден тестис преку 60 години живот ........ 5%
72. Загуба на обата тестиса до 60 години живот ........ 50%
73. Загуба на обата тестиса преку 60 години живот ........ 25%
74. Загуба на пенисот до 60 години ........ 60%
75. Загуба на пенисот преку 60 години живот ........ 30%
76. Деформација на пенисот со оневозможена кохабитација до 60 години живот ........ 50%
77. Деформација на пенисот со оневозможена кохабитација преку 60 години живот ........ 25%
78. Загуба на матката и јајниците до 55 години живот:
    а). загуба на матка ........ 40%
    б). загуба на едниот јајник ........ 10%
    в). загуба на двата јајника ........ 40%
79. Загуба на матката и на јајниците преку 55 години живот:
    а). загуба на матката ........ 10%
    б). загуба на секој јајник ........ 5%
80. Оштетувања на вулвата и вагината кои оневозможуваат кохабитација до 60 години живот ........ 50%
81. Оштетувања на вулвата и вагината кои оневозможуваат кохабитација преку 60 години ........ 25%

## XII. 'РБЕТ

82. Повреда на 'рбетот со трајни оштетувања на 'рбетниот мозок (тетраплегија, параплегија, триплегија), со загуба на контрола на дефекацијата и на мочањето ........ 100%
83. Повреда на 'рбетот со трајно оштетување на 'рбетниот мозок (тетрапареза, типереза) без загуба на контролата на дефекцијата и на мочањето, верифицирано со ЕМГ:
    а). во лесен степен ........ до 30%
    б). во среден степен ........ 40%

в). во силен степен ........ 50%

84. Повреда на 'рбетот со пареза на долните екстремитети, верифицирани со ЕМГ:
а). во лесен степен ........ 25%
б). во среден степен ........ 35%
в). во силен степен ........ 45%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Оштетувањата кои спаѓаат под точка 82, се оценуваат по утврдување на ирепарабилни невролошки лезии, а за точките 83 и 84 се оценуваат по завршеното лекување, но не порано од 2 години од денот на повредувањето.

85. Намалена подвижност на 'рбетот по повреда на коскениот дел на вратниот сегмент:
а). во лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот) ........ 4%
б). во силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 8%
Објаснување на нормалниот опсег на движењата во услови под точката:
*антефлексија ........ (0-40 степени)
ретрофлексија ........ (0-45 степени)
латерофлексија ........ (0-40 степени)
ротација ........ (0-60 степени)

86. Намалена подвижност на 'рбетот по повреда на коскениот дел на торакалниот сегмент:
а). во лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 3%
б). во силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 6%
*се мери влијанието на вкупната подвижност на торaколумбален 'рбет

87. Намалена подвижност на 'рбетот по повреда на коскениот дел на лумбалниот сегмент:
а). во лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 5%
б). во силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 10%
*антефлексија ........ (0-80 степени)
ретрофлексија ........ (0-20 степени)
латерофлексија ........ (0-20 степени)

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. За оценка по точките од оваа глава задолжително е на осигурувачот да му се достават РТГ-снимки на увид.
2. Хернија дисциинтервертебралис, сите видови лумбалгии, дископатија, спондилози, спондилистези, спондилолиза, сакралрии, миофасцитиси, коксигодини, ишијалгии, фибразитис, фасцитиси и сите патоанатомски промени на слабинско-крстни регии означени со аналогни термини, не се опфатени со осигурување.

## XIII. КАРЛИЦА

88. Повеќекратно кршење на карлицата со тешка деформација или денивелација на сакроилијакалните зглобови или симфиза ........ 30%
89. Симфизиолиза со дислокација во хоризонтална и/или вертикална рамнина:
а). големина до 2 см ........ 5%
б). големина преку 2 см ........ 10%
90. Кршење на една цревна коска санирана со дислокација ........ 5%
91. Кршење на двете цревни коски санирани со дислокација ........ 10%
92. Кршење на срамната или седишната коска санирано со дислокација ........ 5%
93. Кршење на 2 коски: срамната, седишната или срамната и седишната, со дислокација ........ 10%
94. Кршење на крсната коска, санирана со дислокација ........ 5%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. За кршење на коските на карлицата кои зараснале без дислокација и без објективни функционални пречки не се одредува инвалидитет.
2. За скршеница на тртната коска не се определува инвалидитет.
3. За оцена по точките од оваа глава задолжително е на осигурувачот да му се достават РТГ-снимки на увид.

## XIV. РАЦЕ

95. Загуба на двете раце или шепи ... 100%
96. Загуба на раката од рамото (ексартихулација) ... 70%
97. Загуба на раката во подрачјето на надлактицата ... 65%
98. Загуба на раката под лакотот со задржана функција на лакотот ... 60%
99. Загуба на шепа ... 55%
100. Загуба на сите прсти:
   а). на двете шепи ... 100%
   б). на едната шепа ... 45%
101. Загуба на палец ... 15%
102. Загуба на показалец ... 10%
103. Загуба на среден, до мал и на мал прст:
   а). среден ... 7%
   б). до мал или мал, за секој прст ... 3%
104. Загуба на метакарпалните коски на палецот ... 6%
105. Загуба на метакарпалните коски на показалец ... 4%
106. Загуба на метакарпалните коски на средниот, до малиот и на малиот прст, за секоја коска ... 2%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. За загуба на еден член на палецот се одредува половина, а за загуба на еден член од другите прсти се определува третина од инвалидитетот определен за соодветниот прст.
2. Делумната загуба на коскениот дел од членчето се оценува како потполна загуба на членчето.
3. За загуба на јагодица од прстот се определува 1/2 од инвалидитетот определен за загуба на член.

### НАДЛАКТИЦА

107. Потполна вкочанетост на рамениот зглоб во функционално неповолна положба (абдукција од 20 до 40 степени) 25%
108. Намалена подвижност на зглобот на рамото по скршеница (или луксација) на зглобните тела, РТГ докажана и со ограничена функција на зглобот од:
   а). лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ... 4%
   б). силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ... 8%
      * елевација со слободна лопатка ... (0-180 степени)
      антефлексија со фиксирана лопатка ... (0-90 степени)
      ретрофлексија со фиксирана лопатка ... (0-50 степени)
      абдукција со фиксирана лопатка ... (0-90 степени)
      внатрешна ротација ... (0-85 степени)
      надворешна ротација ... (0-90 степени)
109. Клучна коска:
   а). неправилно зарастено кршење на клучната коска ... 2%
110. Потполно исчашување на акромиоклавикуларниот или стерноклавикуларниот зглоб рендгенски верифицирано ... 5%
111. Ендопротеза на рамениот зглоб ... 30%
112. Хроничен остеомилитис на коските на горните екстремитети со фистула посттравматска ... 10%
113. Парализа на нервот аксесорисус ... 15%
114. Парализа на брахијалниот плексус ... 60%
115. Делумна парализа на брахијалниот плексус (ЕРБ или КУМПКЕ) ... 35%
116. Парализа на аксиларниот нерв ... 15%
117. Парализа на радијалниот нерв ... 30%
118. Парализа на нервот медианус ... 35%
119. Парализа на нервот улнарис ... 30%
120. Парализа на два нерва од едната рака ... 50%
121. Парализа на три нерва од едната рака ... 60%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Пареза на нервите се одредува максимално до 2/3 од инвалидитетот определен за парализа на соодветниот нерв.
2. За случаите кои спаѓаат под точките од 113 до 121, инвалидитет се определува по завршеното лекување, но не пред две години по повредата со задолжителна верификација со ЕМГ, не постара од 3 месеци.

## ПОДЛАКТИЦА

122. Потполна вкочанетост на зглобот на лактот во функционално поволна положба од 100 до 140 степени ............ 15%
123. Потполна вкочанетост на зглобот на лактот во функционално неповолна положба ............ 25%
124. Намалена подвижност на зглобот на лактот после скршеница (или луксација) на зглобните тела, РТГ докажана и со ограничена функција на зглобот од:
    а). лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ............ 4%
    б). силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ............ 8%
    * екстензија ............ (0 степени)
    флексија ............ (145 степени)
125. Намалена ротација на подлактицата (пронација и супинација) по скршеница во предел на лактот, РТГ верифицирана ............ 2%
126. Разлабавен зглоб на лактот - осцилација на движење во попречна насока повеќе од 20 степени ............ 5%
127. Анкилоза на подлактицата во супинација ............ 25%
128. Анкилоза на подлактицата во средна положба ............ 15%
129. Анкилоза на подлактицата во пронација ............ 20%
130. Анкилоза на рачниот зглоб:
    а). во положба на екстензија ............ 15%
    б). во оската на подлактицата ............ 20%
    в). во положба на флексија ............ 30%
131. Намалена подвижност на рачниот зглоб после скршеница на зглобните тела, РТГ докажана и со ограничена функција на зглобот од:
    а). лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ............ 3%
    б). силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ............ 6%
    * воларна флексија ............ (0-90 степени)
    дорзална флексија ............ (0-70 степени)
    улнарна девијација ............ (0-55 степени)
    радијална девијација ............ (0-25 степени)
132. Ендопротеза на чунестата коска и/или ослинатум (месечеста коска) ............ 15%

## ПРСТИ

133. Потполна вкочанетост на сите прсти од едната рака ............ 40%
134. Потполна вкочанетост на целиот палец ............ 12%
135. Потполна вкочанетост на целиот показалец ............ 9%
136. Потполна вкочанетост на средниот, до малиот и малиот прст:
    а). целиот среден прст ............ 5%
    б). до малиот или малиот прст, за секој прст посебно ............ 2%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. За потполна вкочанетост на еден зглоб на палецот се определува половина, а за потполна вкочанетост на еден зглоб на другите прсти се определува третина од инвалидитетот определен за загуба на тој прст.
2. Збирот на процентот на вкочанетост на одделни зглобови на еден прст не може да биде поголем од процентот определен за потполна вкочанетост на тој прст.
3. Вкупниот инвалидитет за повреда на прстите не може да изнесува повеќе од инвалидитетот за загуба на шака.
4. За последиците од повреда на прстите, инвалидитетот се одредува без примена на начелото од точката 5 од Општите одредби на Табелата на инвалидитет.

137. Неправилно зараснато скршување на метакарпална коска (скршеница зарасната со дислокација која влијае на функцијата на зглобот) ........ 1%
138. Намалена подвижност на дисталниот, средниот или проксималниот зглоб на палецот ........ 5%
139. Намалена подвижност на одделни зглобови на показалецот ........ 2%
140. Намалена подвижност на одделни зглобови на средниот, домалиот или малиот прст ........ 1%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Вкупниот инвалидитет по точките 138, 139 и 140 не може да изнесува повеќе од инвалидитетот за потполна вкочанетост на истиот прст.
2. За оцена по точките од оваа глава задолжително е на осигурувачот да му се доставаат РТГ-снимки на увид.

## XV. НОЗЕ

141. Загуба на двете натколеници ........ 100%
142. Ексартикулација на нога во колк ........ 70%
143. Загуба на натколеница во горната третина, осакатениот бут неповолен за протеза ........ 60%
144. Загуба на натколеница под горната третина ........ 50%
145. Загуба на двете потколеници, осакатени делови поволни за протеза ........ 80%
146. Загуба на потколеница, осакатениот дел под 6 см ........ 45%
147. Загуба на потколеница, осакатениот дел преку 6 см ........ 40%
148. Загуба на двете стапала ........ 80%
149. Загуба на едно стапало ........ 35%
150. Загуба на стапало во Шопартова линија ........ 35%
151. Загуба на стапало во Лисфранова линија ........ 30%
152. Трансметатарзална ампутација ........ 25%
153. Загуба на првата или петтата метатарзална коска ........ 5%
154. Загуба на втората, третата и четвртата метатарзална коска, за секоја посебно ........ 3%
155. Загуба на сите прсти на стапалото на една нога ........ 20%
156. Загуба на палецот на стапалото:
    а). загуба на крајното членче на палецот ........ 5%
    б). загуба на целиот палец ........ 10%
157. Загуба на целиот 2 – 5 прст на ногата, за секој прст ........ 2,5%
158. Делумна загуба на целиот 2 – 5 прст на ногата, за секој прст ........ 1%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Вкочанетоста на интерфалангеалните зглобови на 2 – 5 прст во испружена положба или намалена подвижност на овие зглобови не претставува инвалидитет.

159. Потполна вкочанетост на колкот во функционално поволна положба ........ 30%
160. Потполна вкочанетост на колкот во функционално неповолна положба ........ 40%
161. Потполна вкочанетост на двата колка ........ 70%
162. Намалена подвижност на зглобот на колкот по скршеница (или луксација) на зглобните тела, РТГ докажана и со ограничена функција на зглобот:
    а). лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 5%
    б). силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 10%
    * флексија со испружено колено ........ (0-80 степени)
    флексија со свиткано колено ........ (0-110 степени)
    екстензија ........ (0-20 степени)
    абдукција ........ (0-45 степени)
    аддукција ........ (0-30 степени)
    внатрешна ротација ........ (0-45 степени)
    надворешна ротација ........ (0-45 степени)
163. Ендопротеза на колкот ........ 30%
164. Неправилно зараснато кршење на бутната коска со ангулација во варус, валгус позиција:

а). од 10 до 20 степени........ 10%
б). над 20 степени........ 15%
165. Хроничен остеомиелитис на коските на долните екстремитети со фистула посттравматска ........ 10%
166. Скратување на ногата поради кршење:
а). од 4,1 до 6 см........ 15%
б). преку 6 см........ 20%
167. Вкочанетост на коленото:
а). во функционално поволна положба (до 10 степени флексија) ........ 25%
б). во функционално неповолна положба ........ 35%
168. Намалена подвижност на зглобот на коленото после скршеница (или луксација) на зглобните тела, РТГ докажана и со ограничена функција на зглобот:
а). во лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 5%
б). во силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 10%
* екстензија........(0 степени)
флексија........ (0-130 степени)
169. Разнишаност на коленото по целосна руптура на предниот вкрстен лигамент, верифицирано со магнетна резонанца*, со потреба од стално носење на ортопедско помагало ........ 5%
* се исклучуваат сите повреди на коленото по кои е направена оперативна интервенција на лигаментопластика на предниот вкрстен лигамент, парцијалните руптури, повреди на колатерални лигаменти и капсулата на зглобот

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

За псевдоартроза на бедрената коска и вратот на бедрената коска не се одредува инвалидитет.

170. Ендопротеза на коленото ........ 20%
171. Слободно зглобно тело поради повреда ........ 3%
172. Функционални пречки по отстранување на чашка:
а). парцијално отстранета чашка ........ 5%
б). тотално отстранета чашка........ 15%
173. Неправилно зараснато кршење на потколеницата со валгус, варус или рекурвстум деформација, компарирано со здравата потколеница, преку 15 степени ........ 10%
174. Анкилоза на скоковниот зглоб во функционално поволна положба (5-10 степени плантарна флексија) ........ 10%
175. Анкилоза на скоковниот зглоб во функционално неповолна положба........ 25%
176. Намалена подвижност на скоковиот зглоб по скршеница на зглобните тела, РТГ докажана и со ограничена функција на зглобот од:
а). лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 3%
б). силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот)* ........ 6%
* дорзална флексија ........ (0-25 степени)
плантарна флексија ........ (0-30 степени)
инверзија........ (0-25 степени)
еверзија........ (0-10 степени)
177. Ендопротеза на скоковиот зглоб........ 25%
178. Трауматско проширување на малеоларната, бималеоларната и на тррималеоларната вилушка на стапалото, компарирано со здравото стапало ........ 5%
179. Деформација на стапалото, со скршеници на коските: пес ескаватус, пес плановалгус, пес варус, пес еквинус во силен степен ........ 5%
180. Деформација на калканеусот по компресивно кршење........ 5%
181. Деформација на талусот по кршење со деформирачка артроза........ 5%
182. Деформација на метатарзус после скршеница на метатарзални коски,
за секоја метатарзална коска ........ 1% до 5%
183. Потполна вкочанетост на основниот или крајниот зглоб на палецот на стапалото........ 2%
184. Големи белези на петата или табанот по повреда на меките делови со површина
преку 1/2 од табанот ........ 5%
185. Парализа на исхијадичниот нерв........ 40%
186. Парализа на феморалниот нерв........ 30%
187. Парализа на тибијалниот нерв........ 25%

188. Парализа на перонеалниот нерв .......... 25%
189. Парализа на глутеалниот нерв .......... 10%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

1. За пареза на нервите на нозете се определува максимално до 2/3 од процентот определен за парализа на соодветниот нерв.
2. За случаите што спаѓаат во точките од 185 до 189 се определува инвалидитетот по завршеното лекување, но не порано од 2 години по повредата, со верификација ЕМГ не постара од 3 месеци.
3. За псевдоартроза на пателата или тибијата не се одредува инвалидитет.
4. За оцена на инвалидитетот по сите точки од оваа глава, освен за повредите на нерви и на меки делови, осигуреникот е должен на осигурувачот да му достави РТГ-снимки на увид.
5. Дисторзии на зглобовите не се опфатени со осигурување.
6. Не се одредува инвалидитет за оштетување и/или оперативно отстранување на менискус.
7. Не се одредува инвалидитет за нестабилност на коленото која е последица на оперативно отстранување на менискус.

Бр. 02-9753/10-1
Датум: 29.12.2020 година

Претседател на Управен одбор
Бошко Андов

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на Друштвото на 333-тата редовна седница одржана на 29.12.2020 година со одлука бр. 02-9753/10 со примена од 1.1.2021 година.

Лектор: Кристина Велевска